Врз основа на член 131 став 2 точка 3 од Законот за водите (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/13, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и Службен весник на РСМ бр. 151/21), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 24.02.2026 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за определување на ширина на крајбрежен појас во водотеците во плански опфат на УПС Штавица, КО Штавица, Општина Прилеп

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува ширината на крајбрежниот појас на водотеците во пласнкиот опфат за село Штавица, дефинирана со СТУДИЈА ЗА ВОДОСТОПАНСКА ИНФРАСТРУКТУРА за изработка на Урбанистички план за село Штавица, КО Штавица, Општина Прилеп, изработена од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-Пума ДОО Скопје, заради заштита и одржување на природното корито и брегот на истите.

**Член 2**

Ширината на крајбрежниот појас на водотек, коритото на Буковдолска од стационажа 0+000.00 со геодетски координати (Y= 7548379.5534 и X= 4568792.9889) до стационажа 0+496.00 со геодетски координати (Y= 7548186.7175 X= 4568514.4392) на КП 2250, дел од река Штавичка со стационажа 0+000.00 со геодетски координати (Y= 7548215.7803 X= 44568511.7652) до стационажа 0+500.00 со геодетски координати (Y= 7547769.3998 X= 4568517.3000) на КП 2250 КО Штавица во планскиот опфат на село Штавица, се определува Со СТУДИЈА ЗА ВОДОСТОПАНСКА ИНФРАСТРУКТУРА за изработка на Урбанистички план за село Штавица, КО Штавица, Општина Прилеп, изработена од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-Пума ДОО Скопје, за водотек кој ќе изнесува 3 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на речното корито на водотеците.

**Член 3**

Составен дел од оваа Одлука е Студијата за водостопанска инфраструктура, наведена во член 2, заедно до графичките прилози во прилог на истата во размер 1:1000.

**Член 4**

На предлог на Градоначалникот, Советот ја донесува оваа одлука по претходно добиена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Истата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 09-799/3
24.02.2026 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на советот на Општина Прилеп
Д-р Билјана Кржеска

Република Северна Македонија
Совет на Општина
Општина Прилеп